**20260300452**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 24 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25), во член 47 во ставот (3) точката 14 се менува и гласи:

„градби од терцијарна здравствена заштита,“.

Во точката 18 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се брише и се додава нова точка 19, која гласи:

„19. хотели и хотелски комплекси со вкупна изградена површина поголема од 1000 м2, освен градски хотели, и“.

Точката 19 станува точка 20.

Член 2

Во член 95 став (6) во алинејата 8 сврзникот „и“ се брише и се додава нова алинеја 9, која гласи:

„ - Е1.14 градби за чување и складирање на енергија и“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1331/1
12 февруари 2026 година
Скопје

Министер за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.